Бр: 03-126/5
Скопје: 19.07.2022

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 13-927/1 од 17.06.2022 година (Наш број 03-126/1 од 20.06.2022 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 19.07.2022 година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

Најавата за инвестицискиот проект на Друштвото за производство и трговија КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ Скопје кој ќе се состои од инвестирање во производствен погон во ТИРЗ Скопје 1, поврзано со основање на ново претпријатие е во согласност со Законот за контрола на државната помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 109/13), под услов вкупниот интензитет на регионалната помош која Друштвото за производство и трговија КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ Скопје би ја добила од државата како индивидуална помош и /или преку шема на помош да не надминува 50% од оправданите инвестициски трошоци, со тоа што корисникот на помошта задолжително мора да учествува со најмалку 25% во финансирањето на проектот, согласно член 5 став 4 од Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош, а инвестицијата да се одржува најмалку 5 години по целосната реализација, согласно член 6 став 1 од Уредбата. Исто така, секое од новосоздадените работни места треба да се одржува за период од најмалку пет години од денот кога истото било пополнето за првпат, во смисла на член 6 став (2) од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 109/13).

Во Барањето на Мислење бр. 13-927/1 од 17.06.2022 година наведено е дека Друштвото за производство и трговија КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ ќе реализира инвестиција во висина од 39.600.000 евра и ќе креира најмалку 2000 нови работни места. Исто така, наведено е дека дел од планираните мерки за доделување на државна помош, ќе се доделуваат согласно Законот за ТИРЗ а дел од мерките ќе претставуваат доделување на планирана индивидуална помош.

Во Барањето на Мислење бр. 13-927/1 од 17.06.2022 година наведено е дека детални податоци за инвестицијата се содржани во 10-годишните проекции кои ги достави инвеститорот и кои ќе претставуваат составен дел од Деловниот план на Друштвото за производство и трговија КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ Скопје

доставен до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со допис бр. 13-501/1 од 15.03.2022 година.

Во деловниот план на Друштвото за производство и трговија КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ Скопје наведено е дека за реализација на новиот инвестициски проект на Групацијата Кромберг&Шуберт регистрирано е ново трговско друштво во Република Северна Македонија- КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ Скопје. Исто така, во Деловниот план е наведено дека називот на инвестицискиот проект е „изградба на нова гринфилд фабрика за производство на автомобилски делови за германски премиум производители на возила“.

Имено, Групацијата Кромберг&Шуберт до сега е присутна со три инвестициски проекти во инвестициската зона Жабени во Битола. Односно, Комисијата за заштита на конкуренцијата со Решение бр. 10-83 од 14.12.2011 година одобри доделување на планирана државна помош за регионален развој на “Кромберг и Шуберт Македонија„ ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Октомвриска револуција бб, Хипериум Бизнис Центар, 2 ри кат, 1000 Скопје, Р.Македонија во Индустриската зона “Жабени„ Општина Битола за производство кабелски инсталации во автомобилската индустрија и создавање на нови работни места поврзани со инвестицијата. Исто така, Комисијата за заштита на конкуренцијата со Решение бр. 10-87 од 19.11.2019 година одобри доделување на планирана регионална помош_на Кромберг&Шуберт Македонија ДООЕЛ Битола со седиште на адреса А бр. Индустриска зона Жабени, Битола, за поддржување на реализација на инвестицискиот проект за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила. Додека пак, во врска со најавата за реализација на трет инвестициски проект Д10 (за Ауди 4, нов модел и Ауди А6 нова верзија, “facelift”) на компанијата КРОМБЕРГ&ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Битола ,Комисијата за заштита на конкуренцијата даде Мислење бр. 03-117/2 од 28.06.2022 година.

Со оглед на ова, а во врска со најавата за инвестицискиот проект на Друштвото за производство и трговија КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ Скопје како регистрирано ново трговско друштво во Република Северна Македонија од страна на Групацијата Кромберг&Шуберт, Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува на постоењето на член 9 од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош и потсетува дека треба да се води сметка за поимот на голем инвестициски проект. Согласно член 9 став (1) од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош, голем инвестициски проект се смета за единствен проект кога почетната инвестиција е реализирана во период од три години и тоа од страна на едно или повеќе претпријатија и се состои од основни средства комбинирани на економски неделив начин. Исто така, согласно член 9 став (3) од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош, за да се избегне намерна поделба на големите инвестициски проекти на подпроекти, секој голем инвестициски проект направен за период од три години од страна на истото/ите претпријатие/ја која се состои од основни средства комбинирани на економски неделив начин се смета за една инвестиција.

Оттука, Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува на внимателност на член 9 од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош при реализација на инвестицискиот проект на Друштвото за производство и трговија КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ Скопје како регистрирано ново трговско друштво

во Република Северна Македонија од страна на Групацијата Кромберг&Шуберт а која Групација до сега е присутна со три инвестициски проекти во инвестициската зона Жабени во Битола.

Во врска со најавата за инвестицискиот проект на Друштвото за производство и трговија КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ Скопје кој ќе се состои од инвестирање во производствен погон во ТИРЗ Скопје 1, поврзано со основање на ново претпријатие, давателот на државната помош е должен да поднесе известување за планирано доделување на индивидуална државна помош, согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош и Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојаната државна помош („Службен весник на РМ“ бр. 142/11), како и на Образец I од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на РМ“ бр. 109/13).

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**